# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање дозвола за понуда за преземање (во натамошниот текст: Правилник) се уредува формата и содржината на барањето за добивање дозвола за понуда за преземање.

**Барање за дозвола за понуда за преземање**

Член 2

(1) Барање за добивање дозвола за понуда за преземање (во понатамошниот текст: Барање) до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комисија) поднесува лицето кое дава понуда за преземање под услови и начин определени со Законот за преземање на акционерски друштва (во понатамошниот текст: Преземач).

(2) Барање до Комисијата може да поднесе и овластено правно лице, односно брокерска куќа и овластена банка која има добиено дозвола за работа од Комисијата за вршење на услугите од член 94 став 1 точка ж од Законот за хартии од вредност и кои имаат склучено договор со преземачот за соработка во врска со постапката за давање дозвола за преземање, согласно член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва.

**Содржина на Барањето**

Член 3

(1) Барањето ги содржи следните податоци:

- податоци за преземачот,
- податоци за одговорните лица за изготвување на проспектот,
- податоци за овластеното правно лице кое во име и за сметка на преземачот ја дава понудата за преземање,
- податоци за целното друштво и
- информации за понудата за преземање.

(2) Барањето се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот образец, пополнет електронски, уредно, читливо и без преправања, со сите пропишани прилози. Образецот за барањето треба да биде целосно пополнет.

(3) Преземачот поднесува "Барање за добивање дозвола за понуда за преземање" во форма и содржина пропишана со Образецот Б-ДП, кој е составен дел на овој Правилник.

(4) Доколку преземачот е правно лице, Барањето содржи печат на преземачот и потпис на лицето што го застапува преземачот, а доколку преземачот е физичко лице Барањето содржи само потпис на преземачот.

(5) Барањето може до Комисијата да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

**Постапување по барањето**

Член 4

(1) Комисијата пристапува кон одлучување по Барањето, откако подносителот до Комисијата ќе поднесе комплетно барање заедно со целокупната документација која се поднесува кон Барањето пропишана со Законот за преземање на акционерските друштва и правилниците кои произлегуваат од него.

(2) Во случај на поднесување на непотполно, неуредно или Барање со формално правни недостатоци, Комисијата ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да го исправи истото, при што ќе го предупреди за последиците од непостапувањето. Доколку подносителот не ги отстрани недостатоците на Барањето во рокот, ќе се смета дека подносителот се откажал од Барањето, а Комисијата ќе донесе заклучок со кој ќе ја запре постапката поведена по истото.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-578/6 | Комисија за хартии од вредност |
| 8 јули 2016 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |